Врз основа на член 163 од Законот за високото образование и член 45 и член 46 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ Битола, а согласно Одлуката на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет Велес од 10.10.2019 година, Деканот на Технолошко-технички факултет Велес при Универзитетот „Св.Климент Охридски“ Битола, распишува

**И Н Т Е Р Е Н О Г Л А С**

За избор на демонстратори за изведување вежби во зимскиот семестар во академската 2019/2020 година по следните предмети:

**1.Технолошко-технички факултет Велес**
1.1.Општа хемија - еден извршител;
1.2.Суровини за прехранбена индустрија – еден извршител.

**2. Технолошко-технички факултет Велес-Дисперзирани студии Битола**
2.1.Општа хемија - еден извршител;
2.2. Суровини за прехранбена индустрија - еден извршител;
2.3 Основи на инженерска техника – еден извршител.

<u>Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи и посебни услови:</u>

1.Да е студент на втор или трет циклус на студии;
2.Студиите од првиот циклус да ги завршил со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум);
3.Да има добиено две препораки од наставниците на факултетот;
4.Да поседува комуникациски вештини и
5.Да има познавања од MS Office.

Пријавите се поднесуваат **лично** во Архивата на **Технолошко-технички факултет Велес, ул.„Димитар Влахов“ бб, од 08.00 до 14.00 часот, со назнака „За интерен оглас” или по пошта.**

Кон пријавата кандидатите треба да приложат:
-кратка биографија;
-уверение дека е студент на втор или трет циклус на студии;
-уверение или диплома за завршен прв циклус студии на факултетот и
-уверение за државјанство.

Интерниот оглас трае 8 (осум) дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето.
Неблаговремените и некомплетни пријави нема да се разгледуваат.

**Технолошко-технички факултет Велес**